romaversitas

ASSOCIATION FOR HUMAN RIGHTS PROTECTION OF ROMA - STIP

**Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС”**
**објавува**
**Повик за обучувачи за тренинг**
**за формите на младинско/студентско учество и организирање**
**и структура и пишување на краток документ за јавни политики**

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС” објавува повик за обучувачи за испорака на тренинг за формите на младинско/студентско учество и организирање, и структура и пишување на краток документ за јавни политики, за студенти Роми, дипломирани Роми и неколку претставници од ромски младински организации во рамки на проектот **„Конект за организирано делување на младите Роми“**.

Целта на проектот е да се вклучат засегнатите страни, односно студентите Роми, дипломираните Роми и младинските ромски организации во анализа на проблемот и во генерирањето на идеи за апликативни форми за младинско/студентско учество и организирање на млади/студенти Роми, како и да се стимулираат одредени форми за младинско/студентско учество и организирање.

Овој проект е финансиски поддржан од Европската Унија (ЕУ), под-грант на проектот „Мрежа на Ромски граѓански организации – одговор на Ромската заедница“ во рамки на Инструментот за претпристапна помош ИПА/2015/371474, компонента: Подршка на невладини организации и слобода на медиуми, активност 2014.

## Цели на тренингот и период на реализација

Тренингот има цел да ги зголеми практичните знаења и вештини на студентите Роми, дипломираните Роми и неколку претставници од ромски младински организации кои ќе учествуваат на тренингот за формите на младинско/студентско учество и организирање, и структура и пишување на краток документ за јавни политики.

Тренингот ќе се одржи во Февруари/Март 2017.

Работен јазик на тренингот ќе биде македонскиот јазик.

## Работни задачи на обучувачот

Селектираните обучувачи кои ќе го испорачат тренингот ќе треба:

- Да изготват финален дизајн на тренингот со методологија на работа, најмалку 3 дена пред тренингот;
- Да подготват материјали за работа за тренингот, најмалку 3 дена пред тренингот;
- Да подготват агенда за тренингот;
- Да дистрибуираат електронски примерок од сите употребени наставни материјали во тренингот, до проектниот тим и учесниците, најдоцна 7 дена после тренингот;
- Да изготват наративен извештај за одржаниот тренинг, најдоцна 7 дена после тренингот.

Селектираните обучувачи пред испорака на тренингот ќе склучат договор за авторско дело со Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во кое ќе се регулираат договорените работни задачи и висината на авторски надоместок.

ЕУ за ТЕБЕ!
IPA Civil Society Facility and Media Programme 2014
Support to Civil Society Organisations under the Civil Society Facility and Media Freedom Action 2014

**<u>Услови за пријавување</u>**

Кандидатите за обучувачи треба да ги исполнат следните услови:

- Да имаат искуство во испорака на тренинзи;
- Да имаат искуство во испорака на тренинзи на темите кои се наведени во овој повик;
- Да имаат добро познавање на педагошките пристапи на учење, методи и методологија на работа.

**<u>Документи за пријавување</u>**

Кандидатите за обучувачи треба да ги достават следните документи:

- Кратка биографија која ќе ги содржи најважното и најрелевантното формално образование, неформално образование, работно искуство во испорачани тренинзи, особено тренинзи кои се поврзани со формите на младинско/студентско учество и организирање, и структура и пишување на краток документ за јавни политики;
- Листа на испорачани тренинзи на темите: формите на младинско/студентско учество и организирање, и структура и пишување на краток документ за јавни политики, која ќе содржи наслов на тренингот, кратка содржина, датум, место и нарачател на тренингот.

**<u>Начин и краен рок на пријавување</u>**

Документите за пријавување треба да се достават по електронски пат на е-маил адресата: office@romaversitas.org.mk, **најдоцна до 05 Февруари 2017, до 18 часот.**

**<u>Селекција на кандидати</u>**

Селекцијата на кандидатите ќе ја врши комисија која ќе биде формирана за потребите на проектот „Конект за организирано делување на младите Роми“ во Февруари 2017.

**<u>Критериуми при процесот на селекција на кандидати се:</u>**

-искуство во испорака на тренинзи

-искуство во испорака на тренинзи на темите кои се наведени во овој повик

Дополнителни информации за повикот за обучувачи можете да добиете во просториите на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во Скопје или на тел: 076/225-568, секој работен ден од 09.00 до 17.00 часот или на електронски пат на е-маил адресата: **office@romaversitas.org.mk.**

Со почит,

Здружение на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС”

ЕУ за ТЕБЕ! IPA Civil Society Facility and Media Programme 2014

Support to Civil Society Organisations under the Civil Society Facility and Media Freedom Action 2014